Australian Government
Aged Care Quality and Safety Commission

Engage
*Empower*
**Safeguard**

# Што да се очекува за време на КОВИД-19 – станари во домови за нега на стари лица

Ако некој во вашиот дом за резиденцијална нега на стари лица има КОВИД-19, ќе дојде до низа промени. Тие промени ќе се направат многу брзо. Вие може да станете вознемирени кога тие промени ќе се случат, но нивна цел е да ве одржат здрави.

Промените што може да ги забележите вклучуваат:

## ЦЕЛОСНО ЗАТВОРАЊЕ

- Од посетителите ќе биде побарано да си одат и ќе почне целосно затворање
- Вие нема да можете да излегувате од зградата освен во специјални околности

## ЗГОЛЕМЕНА КОМУНИКАЦИЈА

- Вработените ќе ве држат информирани што се случува, а ако имате прашања, може да ги прашате
- Вашето семејство ќе биде контактирано и ќе бидат давани редовни соопштенија за појавата на КОВИД-19
- Ќе ви биде помогнато да комуницирате со вашето семејство и пријателите
- Натписи ќе бидат поставени пред собата на секој кој е тестиран позитивен на КОВИД-19
- Натписи исто така може да ја делат зградата на различни зони
- Други натписи ќе потврдуваат дека домот е целосно затворен како одговор на појавата на КОВИД-19

## ТЕСТИРАЊЕ

- Сите вработени и станари може да бидат тестирани за вирусот
- Тестовите може да треба да се повторуваат додека се справуваме со вирусот или ако почнете да имате симптоми

## ИЗОЛАЦИЈА

- Вие може да бидете држени целосно настрана од другите станари за да се помогне сите во домот да бидат заштитени
- Вие може да бидете префрлени во друга соба или локација додека вработените се обидуваат да го намалат ризикот за сите станари
- Од вас може да биде побарано да користите друга бања или да се миете во вашата соба

## ЛИЧНА ЗАШТИТНА ОПРЕМА (PPE)

- Луѓето ќе носат специјална опрема заради справување со ризикот КОВИД-19 да се прошири низ вашиот дом – тоа може да вклучува мантил, ракавици, маска и штитник за лице. Тоа е за вие и другите да бидете заштитени од ширење на вирусот
- Ако кашлате или сте биле тестирани позитивни на КОВИД-19, од вас може да биде побарано да носите маска
- Луѓето со маска изгледаат поинаку и тоа може да изгледа страшно. Тие ќе ви кажат кои се, а вие ќе свикнете да гледате такви луѓе. Тие ќе продолжат да се грижат за вас

## ЗАСИЛЕНО ЧИСТЕЊЕ

- Површини што често се користат ќе бидат чистени поредовно – тоа ги вклучува рачките од врата, прекинувачите за светло и ракофатките
- Вашата соба ќе биде често чистена, додека други области ќе бидат често повеќепати секој ден

## ДРУГИ ПРОМЕНИ

- Храната може да биде готвена на друго место и може да изгледа поинаку. Храната ќе ви биде сервирана во вашата соба
- Послужавниците, приборот за јадење и чиниите може да бидат заменети со тие за еднократна употреба
- Ќе има зголемено надгледување на вашето здравје и добросостојба – тоа може да вклучува редовно мерење на температурата, дишењето и проверка на други промени на вашата состојба и како се чувствувате
- Друг или нов персонал може привремено да помага околу вашата нега и услугите за поддршка – тоа е затоа што вообичаените вработени можеби се изолирани дома. Тоа може да вклучува повеќе ваша индивидуална нега ако имате посебни потреби

## КАКО ВИЕ МОЖЕ ДА ПОМОГНЕТЕ

- Имајте разбирање дека цел на промените е да се заштитат станарите и вработените. Тие промени веројатно ќе бидат привремени
- Прашувајте ако нешто ве загрижува
- Запамтете рацете да ги миете со сапун често и темелно; не го допирајте лицето и устата; покривајте се со лакто или хартиено марамче кога кашлате или кивате
- Веднаш пријавете секој симптом на болест